Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 29.09.2023

На 28.09.2023 во 11.00 часот во Радовиш, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш го лишиле од слобода Е.Б.(21) од Радовиш. Тој се сомничи дека во текот на овој месец извршил повеќе кривични дела „тешка кражба", „кражба" и „одземање на моторно возило" на подрачјата на Радовиш и Струмица. Во службениот разговор во полициска станица, тој признал дека извршил една „тешка кражба", една „кражба" и дека одзел едно моторно возило на подрачје на Радовиш, како и една „кражба" и едно одземање на моторно возило на подрачје на Струмица. Кај него биле пронајдени возило и други предмети, кои ќе бидат вратени на сопствениците. Е.Б. бил задржан во полициска станица, запознаен е јавен обвинител и по целосно документирање на настаните против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.09.2023 во Полициската станица Радовиш е задржан С.Р.(21) од Радовиш, кој бил лишен од слобода на подрачје на Охрид, по барање и телерама на Полициската станица Радовиш. Тој се сомничи дека во текот на 2023 година извршил повеќе кривични дела на подрачјето на Радовиш. Во службениот разговор во полициска станица, тој признал дека извршил девет кривични дела „тешка кражба" и едно кривично дело „кражба". За преземените мерки е запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Радовиш, а по целосно документирање на случаите против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.09.2023 во 12.00 часот во Полициското одделение Ранковце бил извршен службен разговор со С.Л.(30) од с.Ранковце. Тој се сомничи дека во периодот од 24 до 26.09.2023 на место викано „Бела бука" помеѓу с.Герман и с.Нерав одзел седум кубни метри огревно дрво, сопственост на М.Д. од Куманово. По преземени мерки, полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка и Полициското одделение Ранковце двата биле пронајдени на две локации во селата Отошница и Радибуш и биле вратени на сопственикот. По целосно документирање на случајот против С.Л. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (29.09.2023) во 02.00 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода С.Г.(23) и В.Д.(22), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.09.2023 во 11.10 часот на ул.„Круме Угриноски" во Кичево, полициски службеници од Полициската станица Кичево го лишиле од слобода М.Ѓ(41) од Кичево. При преглед во возилото „сеат" со кичевски регистарски ознаки, кое го управувал, била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.09.2023 од ул.„28" во Битола, полициски службеници од криминалистичката полиција на СВР Битола ги лишиле од слобода П.Д.(36) и К.С.(41), двајцата од Битола, затоа што при преглед кај нив, кај П.Д. била пронајдена и одземена грутчеста материја. Лицата биле приведени во полициска станица Битола и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.09.2023 во 21.40 часот на ул.„Рудничка" во Кичево, полициски службеници од Полициската станица Кичево го лишиле од слобода Д.Н.(46) од Кичево, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.09.2023 во 20.00 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје", полициски службеници ги лишиле од слобода Е.Т.(42), О.Е.(33), А.Ј.(29), К.А.(29), Е.С.(27), М.Е.А.(30), Х.Т.(28), М.З.(21) и В.С.(25), сите од Република Турција, затоа што при гранична контрола кај нив биле пронајдени британски визи и британски дозволи за престој за кои постојат основи на сомнение дека се фалсификувани. Тие биле предадени на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал и миграции Скопје за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (28.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 131 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина пет санкции, шест мерки за возење без возачка дозвола, 10 санкции за минување на затворен сигнал – црвено светло, седум мерки за некористење на сигуросен појас...

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на вчерашниот ден (28.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на СВР Битола санкционирани се 61 возач, меѓу кои 20 мерки за возење повеќе од дозволената брзина, 13 мерки за возење без возачка дозвола, 2 возачи за управување под дејство на алкохол, 6 санкции за непрописно паркирање. Изречена е една санкција за користење на мобилен телефон при возење...

На 28.09.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 22 прекршоци, од кои 17 надвор од населено место и 5 во населено место. Санкционирани биле и 19 други видови на прекршоци, од кои 8 за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило, 1 за возач почетник, 5 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за неносење заштитен шлем и 2 за непрописно паркирање.

На 28.09.2023 во 23.00 часот во Полициската станица Центар, Љ.С.(25) од Скопје пријавил дека на ул.„Маиир Маало" бил каснат од куче скитник.

На 28.09.2023 во 14.00 часот во Полициската станица Карпош, Д.С.(42) од Скопје пријавил дека на Средно Водно бил каснат од куче скитник.

На 28.09.2023 во 23.50 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Д.М.(62) од Скопје пријавил дека на ул.„Александар Македонски" бил каснат од куче скитник.

Денеска (29.09.2023) во 04.30 часот на автопатот Куманово – Скопје, во близина на с.Романовце, кумановско, полициски службеници од Мобилната единица за компензаторни мерки во Одделот за гранични работи и миграции при Биро за јавна безбедност го лишиле од слобода Ф.Т.(56) од Република Турција, со живеалиште во Скопје. При контрола во автобус „мерцедес" со турски национални ознаки, кој го управувал, биле пронајдени и одземени 81 кутија таблети „ксарелто", повеќе штеки цигари, медицинско помагало, повеќе комплети брендирана спортска облека и 10.000 казино картички за кои не поседувал документација. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (28.09.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 180 возачи. Од нив, 10 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а четири возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 55 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 125 надвор од населено место.

На 28.09.2023 во 22.30 часот во близина на с.Голиево, скопско, полициски службеници од Полициското одделение Мирковци го лишиле од слобода Р.Ш.(27) од с.Блаце, скопско, затоа што физички нападнал полициски службеници кои извршувале службени дејствија. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.09.2023 во 16.30 часот во СВР Куманово, М.Р.(32) од Куманово пријавил дека во дворот од семејната куќа неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Денеска (29.09.2023) во 02.05 часот во СВР Скопје, Д.Ш.(36) од Скопје пријавил дека околу 00.00 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.09.2023 во 22.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Шуто Оризари, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ш.Р.(66) од една страна и А.Ј.(42) и Р.Ј.Ф.(39), од друга страна, сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Скопје – Единица за насилен криминал поднесе кривична пријава против Г.Ц.(27) од Скопје и А.Ц.(23), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „изнуда". Во периодот од 05.06.2023 до 31.08.2023, пријавените од 40-годишник од Скопје побарале 150.000 евра, а откако не им ја дал бараната сума преку познаници во повеќе наврати му упатиле закани.

На 28.09.2023 во 21.00 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода З.Б.(46) од Скопје, затоа што физички ја нападнал неговата 40 - годишна сопруга и нејзината мајка и им упатувал закани. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Е.А.(31) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста" при семејно насилство. Пријавениот, на 18.08.2023 физички ги нападнал неговата мајка и неговата сопруга и им нанел повреди.

На 28.09.2023 во 13.50 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Полициската станица Карпош го лишиле од слобода Г.К.(50) од Скопје, затоа што упатувал закани на неговата 76 - годишна мајка и неговата малолетна ќерка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Скопје – Единица за насилен криминал поднесе кривична пријава против Б.А.(18) од Скопје и 16-годишник од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешки дела против општата сигурност" во врска со „предизвикување општа опасност". На 28.08.2023 на ул.„Градиште" во Скопје, пријавените со запалива течност предизвикале пожар на излог на угостителски објект, сопственост на Ќ.И.(35) од Скопје.

На 28.09.2029 во 13.30 часот во Полициската станица Чаир, Ф.И.(41) од Скопје пријавил дека на 25.09.2023 околу 18.00 часот на ул.„Костурска" во Скопје, неговиот малолетен син бил физички нападнат од повеќе малолетници, од кои еден снимал со мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ш.А.М.(19) од Таџикистан поради постоење основи на сомнение сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 27.09.2023 во студентски дом во Тетово, по претходна расправија, пријавениот физички го нападнал Х.Т.(21) од Пакистан и му нанел повреди.

СВР Скопје – Единица за недозволена трговија поднесе кривична пријава против М.М.(60) и Б.М.(35), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 24.08.2023 во Скопје, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „citroen ц3", управувано од М.М., била пронајдена и одземена марихуана, додека при претрес во неговиот дом, биле пронајдени и одземени 588 грама марихуана, амфетамини, МДМА, кокаин и три дигитални ваги со остатоци од марихуана.

На 28.09.2023 во 16.30 часот во СВР Тетово пријавено е дека залутано зрно го оштетило задното ветробранско стакло од патничко возило „шевролет авео" со тетовски регистарски ознаки, кое било паркирано на улица „ЈНА" во Тетово, сопственост на 58-годишната тетовка С.К.. Извршен е увид и се расчистува случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Н.О.(58) од с.Орѓуше, поради постоење основи на сомнение сторено кривично дело „пустошење на шума". Пријавениот, на 08.09.2023 во с.Орѓуше, во државна шума, без да поседува одобрение за сеча, со моторна пила исекол околу 12 кубни метри огревно дрво и го оштетил ЈП „Национални шуми" – Шумско стопанство „Шар" - Гостивар за сума од 164.983 денари.